**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

**СКОПЈЕ, ЈУНИ 2018 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14 и 27/16), Директорот на Државниот инспекторат за труд на ден 11.06.2018 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

Член 1

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 6. Сектор за инспекциски надзор од областа на работните односи, кај работното место под реден број 91 –Помлад референт за Административно - техничка подршка во спроведување на инспекциски надзори од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа, во делот на Вид на образование, се додава трговска струка. Во делот број на извршители бројот (1), се заменува со бројот (2).

Член 2

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 6. Сектор за инспекциски надзор од областа на работните односи, кај работното место под реден број 100 – Помлад инспектор во областа на работните односи, во делот број на извршители бројот „(2)" се заменува со бројот „(3)" и се додава Струга (1), Кичево (2).

Член 3

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 7. Сектор за инспекциски надзор од областа на безбедност и здравје при работа, кај работното место под реден број 125 – Помлад соработник за Административно-оперативна и техничка поддршка на инспекторатот, во делот број на извршители бројот „(4)" се заменува со бројот „(5)" и се додава „ Гостивар (1)".

Член 4

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 8. Сектор за подршка на активностите на инспекторатот, кај работното место под реден број 133 – Помлад соработник за Административно-оперативна подршка на Инспекторатот, во делот на Вид на образование, зборот Наука за книжевност, се заменува со зборот Исламски науки.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањe, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Инспекцискиот совет.

Директор
Аљајдин Хавзиу

Број 01- 1770
11.06.2018 година